# ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА "ПРЕТПРОДАЖБА НА SAMSUNG GALAXY S20/GALAXY S20+/SAMSUNG GALAXY S20 ULTRA"

**Пред да купите** Samsung Galaxy S20, Samsung Galaxy S20+ или Galaxy S20 Ultra, Ве молиме да ги прочитате Правилата и Условите за продажбата (понатаму како Правилата):

## 1. Организатор на претпродажбата

Samsung Electronics Austria GmbH, со седиште во Виена на ул.Пратерсттассе 31/14 Обергессцхос, Виена, Австрија и регистриран под број ФН 217924б (Понатаму само како Samsung), ја организира претпродажбата на Samsung Galaxy S20, Samsung Galaxy S20+ и Samsung Galaxy S20 Ultra.

## 2. Претпродажба и доставување на уредот

**Претпродажба на Samsung Galaxy S20**

Претпродажбата на **Samsung Galaxy S20** е достапна за купувачите на територијата на Република Северна Македонија од 11 Февруари 2020 до 8 Март 2020.
Купениот уред може да биде превземен од продажните партнери на Samsung 3 дена пред да започне редовната продажба на уредот.

**Претпродажба на Samsung Galaxy S20+ и Samsung Galaxy S20 Ultra**

Претпродажбата на **Samsung Galaxy S20+ и Samsung Galaxy S20 Ultra** е достапна за купувачите на територија на Република Северна Македонија од 11 Февруари 2020 до 8 Март 2020, или порано доколку се потрошат залихите за безжични слушалки Samsung Galaxy Buds +.
Купениот уред може да биде превземен од продажните партнери на Samsung 3 дена пред да започне редовната продажба на уредот.

## 3. Подарокот

Физичките и правните лица кои ќе купат Samsung Galaxy S20+ или Samsung Galaxy S20 Ultra во периодот на претпродажбата преку веб страниците на продажните партнери кои се наведени во член 7 од овие Правила и со исполнување на други услови дефинирани во овие Правила, ќе добијат безжични слушалки Samsung Galaxy Buds+ (понатаму како: **Подарокот**).
Со купување на **Samsung Galaxy S20** не Ви следува Подарокот во периодот на претпродажба.

## 4. Услови за купување

**Услови за купување на Samsung Galaxy S20**

Купувањето на Samsung Galaxy S20 може да се направи кај продажните партнери на Samsung кои се наведени во член 7 од овие Правила, единствено доколку се исполнети сите подолу наведени услови:

а. Доколку Купувачот го порача Samsung Galaxy S20 за време на претпродажбата;
б. Доколку го порача уредот на веб страницата на некој од овластените продажни партнери за територијата на Република Северна Македонија; Списокот на овластени продажни партнери е наведен во член 7 од овие Правила;
в. Доколку порачката/купувањето го прави во својство на краен корисник; Крајни корисници се физички и правни лица од територијата на Република Северна Македонија кои имаат порачано/ купено уред за свои потреби, а не за целите на понатамошна продажба или дистрибуција;

**Услови за купување на Samsung Galaxy S20+ и Samsung Galaxy S20 Ultra**

Купувањето на уредите Samsung Galaxy S20+ и Samsung Galaxy S20 Ultra може да се направи кај продажните партнери на Samsung кои се наведени во член 7 од овие Правила, единствено доколку се исполнети сите подолу наведени услови:

а. Доколку Купувачот го порача Samsung Galaxy S20+ или Samsung Galaxy S20 Ultra за време на претпродажбата;
б. Доколку го порача уредот на веб страницата на некој од овластените продажни партнери за територијата на Република Северна Македонија; Списокот на овластени продажни партнери е наведен во член 7 од овие Правила;
в. Доколку порачката/купувањето го прави во својство на краен корисник; Крајни корисници се физички и правни лица од територијата на Република Северна Македонија кои имаат порачано/ купено уред за свои потреби, а не за целите на понатамошна продажба или дистрибуција;
г. Доколку корисникот го регистрира успешно уредот преку samsung.com/mk најдоцна до 31 Март 2020, во согласност со член 5 од овие Правила. Регистрацијата мора да биде направена (исклучиво) преку купениот уред.

## 5. Регистрирање на уредите за купувачите на Samsung Galaxy S20 + и Samsung Galaxy S20 Ultra

Услов за добивање на Подарокот е уредот Samsung Galaxy S20 + или Samsung Galaxy S20 Ultra, кој е купен во периодот на претпродажбата, да биде регистриран. Регистрацијата мора да биде направена преку samsung.com/mk и тоа исклучиво преку купениот уред.
Процесот на регистрација подразбира внесување на одредени податоци со цел истиот да биде успешно завршен. Податоците кои се собираат со цел купувачот на Samsung Galaxy S20 + или Samsung Galaxy S20 Ultra да се стекне со право на Подарокот, и за целите на доставување на Подарокот по услешно завршен процес на регистрација се следните:

- Име и презиме на корисникот на уредот, или назив на правното лице
- Емаил адреса на корисникот на уредот,
- Домашна адреса на корисникот на уредот на територијата на Република Северна Македонија ( со цел да се достави Подарокот),
- Кодот IMEI и серискиот број на купениот уред,
- Слика/копија од фискалната сметка/фактура или доставница за прием на купениот уред,

Со притискање на копчето за поднесување/испраќање, корисникот ги доставува податоците до Samsung и неговите соработници со цел да се изврши проверка дали се исполнети условите т.е дали корисникот го остварува правото на Подарокот, и истовремео корисникот дава изрична согласност за користење на неговите лични податоци во согласност со одредбите на овие Правила. Согласноста за овие Правила е неопходна за процесот на регистрација да биде успешен.

Доколку податоците се внесени во согласност со овие Правила, Подарокот ќе биде доставен до корисникот на начин и во рок како што се дефинирани тука.

## 6. Превземање на уредот/доставување на Подарокот

**<u>Превземање на уредот</u>**

Сите купувачи кои имаат порачано/купено уред Samsung Galaxy S20 или Samsung Galaxy S20+ или Samsung Galaxy S20 Ultra ќе можат да го превземат уредот од продажните партнери на Samsung 3 дена пред да почетокот на редовната продажба.

Испораката на порачаните/купените уреди ќе започне на 10 Март 2020 и денот на достава на конкретниот уред до секој корисник поединечно ќе зависи од продажните партнери на Samsung од кои е купен уредот.

Редовната продажба на Samsung Galaxy S20, Samsung Galaxy S20+ и Samsung Galaxy S20 Ultra ќе започне на 13 Март 2020.

**<u>Доставување на подарокот до Купувачите на Samsung Galaxy S20+ и Samsung Galaxy S20 Ultra</u>**

Доставувањето на Подарокот за купувачите на Samsung Galaxy S20+ или Samsung Galaxy S20 Ultra, под услов да извршиле успешна регистрирација на веб страната Samsung.com/mk во согласност со овие Правила, ќе биде направено во периодот од 15 Април до 30 Април 2020, на адресата која е дадена во процесот на регистрација на веб страната Samsung.com/mk, а кој се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија. Доставувањето на Подарокот ќе биде направено на трошок на Организаторот.

Купувачите на уредите Samsung Galaxy S20 во периодот на предпродажбата немаат рраво на Подарок.

## 7. Овластени партнери на Samsung

Претпродажбата на уредите на Samsung може да ја прават единствено следните овлатени продажни партнери на Samsung:

- Македонски Телеком АД Скопје,
- А1 Македонија ДООЕЛ Скопје,
- Нептун Македонија д.о.о. Скопје,
- Сетек сѐ од техника д.о.о.е.л.
- Техномаркет Македонија ДООЕЛ – Скопје,
- ПТД Анхоч ДООЕЛ

## 8. Право на измена на правилата на промотивната акција

Samsung го задржува правото да направи измени на овие Правила во секое време, поради оправдани причини, со обврска измените да ги објави без одлагање.

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СОБИРАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Samsung Electronics Austria GmbH, со седиште во Виена на ул.Пратерсттассе 31/14 Обергессцхос, Виена, Австрија и регистриран под број ФН 217924б (понатаму како Операторот), со ова Ве информира за начинот на обработка на личните податоци:

1. **Операторот**

Операторот на податоци е Samsung Electronics Austria GmbH, , со седиште во Виена на ул.Пратерсттассе 31/14 Обергессцхос, Виена, Австрија преку неговата подружница Samsung Electronics Austria GmbH (понатаму како: **Операторот)**

2. **Податоци кои ќе се собираат**

Операторот ќе ги собира и обработува следните лични податоци:

- Име и презиме,
- Емаил адреса на Купувачот,
- Домашна адреса на купувачот на територијата на Република Северна Македонија (за целите на доставување на Подарокот),
- Кодот IMEI и серискиот број на купениот уред,

(сите заедно како: **Лични податоци**).

3. **Цели за собирање на Личните податоци**

Операторот ќе ги собира и обработува Личните Податоци единствено за целите на одредување на подобност за учество во Промотивната кампања „Samsung Galaxy S20+ / Samsung Galaxy S20 Ultra", и за доставување на Подароците доколку купувачот остварил право на истите.

4. **Начин на употреба на Личните податоци**

Личните податоци собрани врз основа на согласност ќе бидат употребени исклучиво за погронаведените цели на Операторот, а во согласност со Законот за заштита на лични податоци ( Законот) и Правилата за приватност на Операторот приложени подолу.

5. **Законски основ за обработка на Личните податоци**

Операторот ги собира и обработува Личните податоци врз основа на доброволна согласност на субјектот на податоците.

6. **Рок за чување на Личните податоци**

Личните податоци ќе бидат чувани колку што е потребно за да се исполни целта за нивното собирање, а во никој случај нема да бидат чувани подолго од 6 месеци од денот на нивното собирање.

7. **Вашите права**

По барање на учесниците, Операторот на Личните Податоци ќе ги дополни, ажирира и избрише Личните Податоци доколку податоците се нецелосни, неточни или погрешни и доколку нивната обработка не е во согланост со закон или за целите на собирањето на податоците. За повеќе информации прочитајте ја нашата Политика за приватност или контактирајте не на емаил на dataprotection.sead@samsung.com.

Во случај кога некој од учесниците е убеден дека со обработката на неговите лични податоци е повредена неговата приватност, тој може да го контактира Операторот на личните податоци или Дирекцијата за заштита на лични податоци и да побара објаснување.

## 8. Други информации

За подетални информации во врска со мерките за заштита на личните податци кои се превземени и за било какво оддавање на Личните податоци, прочитајте ја нашата Политика за приватност.